Organization for Security and Co-operation in Europe

adelphi



STRATEGY PAPER

# Joint co-operation strategy on climate change and security in the Shar/Šara Mountains and Korab Massif Area

НЕОФИЦИЈАЛЕН ПРЕВОД

Оваа публикација е изработена во рамките на вонбуџетскиот проект на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) „Зајакнување на одговорите на безбедносните ризици од климатските промени во Југоисточна Европа, Источна Европа, Јужен Кавказ и Централна Азија” (број на проект: 1102151).

Финансиран од: Андора, Австрија, Чешка, Финска, Франција, Германија, Италија, Лихтенштајн, Луксембург, Норвешка, Полска, Шведска, САД.

**Референтна препорака**

ОБСЕ и аделфи. Заедничка стратегија за соработка за климатските промени и безбедноста во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб. Берлин: аделфи; Виена: ОБСЕ, 2023 година.

**Правна белешка**

| | |
|---|---|
| Издавачи: | Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)<br>Wallnerstrasse 6<br>1010 Vienna, Austria<br>+43 1 514 360<br>pm@osce.org<br>http://www.osce.org<br>adelphi research gemeinnützige GmbH<br>Alt-Moabit 91<br>10559 Berlin<br>+49 (030) 8900068-0<br>office@adelphi.de<br>www.adelphi.de |
| Управување со проектот: | Есра Бутанри (Esra Buttanri), Патрициа Албрехт (Patrizia Albrecht) и Катерина Робул (Kateryna Robul) (OSCE) |
| Олеснувачи: | Беатрис Мосело (Beatrice Mosello), Алина Виехоф (Alina Viehoff), Пиа ван Акем (Pia van Ackern), Адриан Фонг (Adrian Foong) и Лукас Рутингер (Lukas Rüttinger) (аделфи) |
| Рецензенти: | Есра Бутанри (Esra Buttanri), Фросина Пандурска-Драмиќанин, Даниел Богнер (Daniel Bogner), Никола Николов |
| Автори на фотографија: | Насловна слика: Шила Бандили (Shila Bandilli) |
| Статус: | Мај 2023 година |

**Оградување**

Содржината на оваа публикација ги одразува мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците на авторите и соработниците и не мора нужно да ги одразуваат ставовите или која било официјална позиција на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), нејзините донатори и/или нејзините држави членки. Иако е посветено најголемо внимание при подготовката на публикацијата, ОБСЕ не прифаќа никаква одговорност за точноста или комплетноста на какви било информации, упатства, совети содржани во истата или грешки при печатењето.

Употребените ознаки и материјалот кој е презентиран во оваа публикација не се израз на какво било мислење од страна на ОБСЕ во врска со правниот статус на која било земја, територија, град или област, или на нивните органи на власта, или во поглед на разграничувањето на нивните територии или граници. Кон ОБСЕ не може да има побарувања во однос на потенцијални последици од потпирањето на информации или заклучоци содржани во оваа публикација.

# Содржина

**1. Вовед** 1

1.1 Позадина на проектот 2

1.2 Стратегија и методологија 2

1.3 Цел и содржина 4

**2. Приоритети за соработка** 5

2.1 Нелегална сеча и лов 5

2.2 Управување со пожари 6

2.3 Локална егзистенција и културно наследство 7

2.4 Одржлив туризам 8

2.5 Зачувување на природата и управување со пасишта 10

2.6 Управување со отпадот и водата и градежништво 11

**3. Подобрување на форматите за соработка помеѓу групите на чинители** 13

**4. Implementation plan** 16

4.1 Проект: Поддршка на соработката помеѓу органите за управување со паркови и органите за спроведување на законот за спречување на нелегалната сеча, нелегалниот лов и криумчарењето диви животни 17

4.2 Проект: Заштитени подрачја отпорни на пожари: областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб 18

4.3 Проект: Рачно изработени мостови во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб 19

4.4 Проект: Културен инкубатор – БЛУМ 20

4.5 Проект: Дигитална промоција на туризмот во заштитените подрачја 21

4.6 Проект: Посетете нѐ и препознајте ги нашите вредности 23

4.7 Проект : Заедничко зачувување на ендемски и загрозени животински видови во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб 24

4.8 Проект: Промовирање принципи и практики на НУЛА отпад во рамките на четирите заштитени подрачја 25

# ЗАЕДНИЧКА СТРАТЕГИЈА ЗА СОРАБОТКА

**за климатските промени и безбедноста**

**во Областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб**

## Благодарност

Сакаме да им се заблагодариме на сите чинители кои учествуваа во работилницата „Климатските промени и безбедноста во Областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб: Развивање заедничка стратегија за соработка/прилагодување и план за спроведување (2-3 ноември 2022 година во Хотел Радика, Маврово) за нивниот вреден придонес во подготовката на овој стратешки документ. Особено сакаме да им се заблагодариме Афродита Фетаху (Afrodita Fetahu), Албена Хана (Albena Hana), Алберт Флорес Херера (Albert Flores Herrera), Армир Зиба (Armir Ziba), Билал Сејрани (Bilall Sejrani), Даниел Богнер (Daniel Bogner), Елена Свортз (Elena Swartz), Елтон Ќендро (Elton Qendro), Фадил Бајрактар (Fadil Bajraktar), Фарук Дермаку (Faruk Dermaku), Фатмир Зилфијај (Fatmir Zylfijaj), Фросина Пандурска-Драмиќанин, Џованино Ди Персио (Giovannino Di Persio), Хисен Џемаили (Hisen Xhemaili), Јетон Лика (Jeton Lika), Кристина Јованова, Мариана Роибу (Mariana Roibu), Меган МекКормак (Meghan McCormack), Мјељма, Хапциу-Алијај (Mjellma Hapciu-Alijaj), Никола Николов, Селим Селимовски, Сенад Шајковци, Шила Бандили (Shila Bandilli), Софиан Јаупај (Sofian Jaupaj), Суад Салкиќ, Тодора Обрадовиќ Грнчаровска и Влатко Трпески за нивната соработка, олеснувањето, експертскиот придонес и поддршката во организирањето на работилницата.

## 1. Вовед

Областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб е жариште на биолошка разновидност со извонредна природна вредност. Составен од четири заштитени подрачја (т.е., Кораб-Коритник, Маврово, Шар Планина и Шара), областа зафаќа површина од повеќе од 240.000 хектари, што го прави еден од најголемите гранични заштитени подрачја во Европа (види Слика 2). Природните ресурси во областа обезбедуваат економски можности за локалните заедници и затоа се важни за зачувување на безбедноста и благосостојбата на руралниот живот.

Климатските промени претставуваат закана за природните и економските вредности на областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб. Во комбинација со неодржливи и незаконски човечки активности, ефектите од климатските промени го загрозуваат богатиот биодиверзитет и клучните економски сектори, а сето тоа би влијаело на егзистенцијата и би допринело за зголемување на безбедносните ризици со кои се соочуваат локалните заедници. Со оглед на меѓусебната поврзаност на областа, овие безбедносни ризици веројатни би биле присутни во сите четири заштитени подрачја.[1]

Зајакната и насочена соработка помеѓу управувањето со заштитените подрачја и нивните заедници е затоа од огромно значење бидејќи нуди можности за справување со овие ризици на

[1] За повеќе информации, види Rüttinger et al. 2021: https://www.osce.org/secretariat/484148

сеопфатен и одржлив начин. Од една страна, активностите за соработка би служеле за подобрување на егзистенцијата, безбедноста и отпорноста на заедниците во заштитените подрачја во контекст на климатските промени. Од друга страна, тие би ја зајакнале довербата и добрососедските односи во областа (види Слика 1).[2]

**Слика 1: Цел на соработката за справување со безбедносните ризици поврзани со климата.**




© adelphi

## 1.1 Позадина на проектот

Овој документ предлага заедничка стратегија за соработка за справување со безбедносните ризици поврзани со климата во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб. Тој е резултат на вонбуџетскиот проект *Зајакнување на одговорите на безбедносните ризици од климатските промени во Југоисточна Европа, Источна Европа, Јужен Кавказ и Централна Азија* (#1102151), спроведен од Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), во партнерство со берлинскиот тинк-тенк аделфи.[3]

Проектот има за цел:

1. Да го подобри разбирањето за влијанието на безбедносните ризици поврзани со климатските промени во Југоисточна Европа, Јужен Кавказ, Централна Азија и Источна Европа.
2. Да ја зголеми соработката помеѓу регионалните чинители за заедничко справување со безбедносните ризици поврзани со климатските промени.
3. Да ја зголеми свеста и капацитетите за интегриран пристап кон климатските промени и безбедноста помеѓу главните чинители.

Областа на Шара/Шар Планина и масивите на Корав, составена од четирите заштитени подрачја 1) **Кораб-Коритник, (2) Маврово, (3) Шар Планина и (4) Шара** е централна фокусна област во Југоисточна Европа во рамките на проектот и за оваа стратегија.

## 1.2 Стратегија и методологија

Главната цел на заедничката стратегија за соработка е зајакнување на соработката помеѓу заштитените подрачја во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб со цел справување со безбедносните ризици поврзани со климата. За да се развие оваа стратегија беа спроведени следниве активности:

[2] За повеќе информации, види van Ackern et al. 2023: https://www.osce.org/oceea/539354

[3] За повеќе информации за проектот, види: https://www.osce.org/node/521965.

1. Стратегијата првенствено се заснова на исходот од **работилницата** *„Климатските промени и безбедноста во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб: Развивање заедничка стратегија за соработка/прилагодување и план за спроведување“* што ја организираше ОБСЕ во партнерство со аделфи и се одржа на 2-3 ноември 2022 година во Маврово. На работилницата присуствуваа претставници од релевантните министерства, надлежните органи за управување со паркови, општините и локалните граѓански организации (ГО), како и експерти од регионот, меѓународни партнери и теренските оператори на ОБСЕ во Југоисточна Европа. Учесниците **дадоа приоритет на темите за соработка, идентификуваа и развија проектни концепти** за заеднички мерки за намалување на ризикот во синергија со други локални, регионални и меѓународни иницијативи, и **истражуваа како да се зајакне соработката** помеѓу четирите заштитени подрачја.[4]
2. Учесниците на работилницата беа однапред информирани врз основа на наодите од **студијата на опсег** *„Соработка во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб: Студија на опсег за справување со заедничките безбедносни предизвици поврзани со климата и јакнење на отпорноста“*, која во голема мера ги користи увидите од консултациите со чинителите кои вклучуваа теренски посети, онлајн состаноци и интервјуа. Во текот на работилницата, учесниците ги потврдија и рафинираа областите за соработка идентификувани во студијата.
3. Студијата на опсег, пак, беше заснована на наодите од **извештајот на ОБСЕ-аделфи од 2021 година** *„Регионална проценка за Југоисточна Европа: безбедносни импликации од климатските промени“* како и на последователните **консултации со чинителите** спроведени во 2021-2022, кои ја идентификуваа областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб како приоритетно жариште за соработка во Југоисточна Европа (види Слика 1).

**Слика 1: Климатско-безбедносни жаришта идентификувани во регионалната процена на ОБСЕ-аделфи за Југоисточна Европа од 2021 година.**




Забелешка: Приоритетното жариште Областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб е врамено во црвено. © adelphi

[4] Од оваа збирка на идеи, беа избрани оние што најмногу ветуваат и беа дополнително развиени како можни концепти на пилот проекти.

## 1.3 Цел и содржина

Главната цел на оваа заедничка стратегија е да ја зајакне соработката помеѓу четирите заштитени подрачја (а) **Кораб-Коритник**, (2) **Маврово** (3) **Шар Планина**, и (4) **Шара** со цел справување со безбедносните ризици поврзани со климата. Стратегијата се состои од три главни дела:

Прво, во неа се наведени **приоритетите за соработка** во однос на:

- Нелегалната сеча и лов
- Управувањето со пожари
- Локалната егзистенција и културното наследство
- Одржливиот туризам
- Зачувувањето на природата и управувањето со пасиштата
- Отпадот, управувањето со води и градежништвото

Второ, во неа се претставени начините за **зајакнување на соработката помеѓу четирите заштитени подрачја.**

Трето, во неа е вклучен **план за спроведување** во форма на осум почетни концепти за заеднички проекти кои ги вклучуваа чинителите од различните заштитени подрачја. Тие служат како почетна точка за развој на поконкретни активности и за спроведување пилот активности.

# 2. Приоритети за соработка

Следниве теми се идентификувани како приоритети за справување со безбедносните ризици поврзани со климата преку подобрена соработка помеѓу заштитените подрачја Кораб-Коритник, Маврово, Шар Планина и Шара.

## 2.1 Нелегална сеча и лов

Уништувањето на шумите и нелегалната сеча ги засегаат сите четири заштитени подрачја. Нивни главни причинители се организирани криминални групи и мрежи, како и неодрживи практики на сеча, поттикнати од лошите социоекономски услови на руралното население. Сите четири заштитени подрачја се исто така засегнати од неконтролиран лов. Овие предизвици ги дополнуваат влијанијата на климатските промени и го загрозуваат биодиверзитетот и сигурноста на егзистенцијата.

Можностите за соработка за заедничко справување со овие предизвици вклучуваат:

- Проценка на постојните институционални и правни системи за да се идентификуваат и отстранат регулаторните пропусти, и каде што е потребно да се усогласи и подобри спроведувањето на законот;
- Интензивирање на соработката помеѓу органите за управување со парковите и полицијата во прогонот на нелегалните активности (пр. за спречување криумчарење), вклучително и зајакнување на техничките капацитети за спречување, откривање и прогон преку заеднички обуки;
- Споделување информации и најдобри практики за справување со нелегалната сеча и ловот, како и поврзаните прашања, вклучително:
  - Споделување податоци и статистика за видовите и бројот на животинските и растителните видови во парковите и вршење попис на заштитени видови заради воспоставување заедничка основа и инвентар, надоврзувајќи се на она што е веќе сторено во рамката на постојните иницијативи за заштита;[5]
  - Споделување информации и најдобри практики помеѓу органите на парковите, пр. за справување со корупција во користење земјиште, градежништво, користење на природните ресурси, итн. во заштитените подрачја;
- Поврзување со други проекти кои ги поддржуваат органите во нивните напори за справување со нелегалната сеча и лов, на пр. преку активности како што се воспоставување високотехнолошки системи за следење;[6]
- Промовирање алтернативни енергетски ресурси во урбаните и низинските области што ги опкружуваат заштитените подрачја, вклучително и фотоволтаични системи или ветроелектрани како замена за огревно дрво.

🔗 Најдете го соодветниот проектен концепт "Поддршка на соработката помеѓу органите за управување со парковите и органите за спроведување на законот во спречувањето нелегална сеча, нелегален лов и криумчарење диви животни" во Планот за спроведување.

[5] На пример, Програмата за животна средина на Обединетите нации (УНЕП) го спроведува проектот „Постигнување заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефективно управување со заштитените подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирањето на користењето на земјиштето“, со фокус на Шара/Шар Планина, помеѓу другите области. Проектот има за цел да го поддржи ширењето на заштитените подрачја и ефективното управување со напорите за заштита на биолошката разновидност. Како дел од своите активности за проширување на мрежата на заштитени подрачја, таа подготви студија за валоризација за Шар Планина и состави црвени листи за влекачи и водоземци, како и приоритетни листа за васкуларни растенија. За повеќе информации, види: https://www.unep.org/regions/europe/our-projects/leveling-national-biodiversity-conservation-north-macedonia .

[6] На пример, Global Conservation го финансира и спроведува проектот „Заштита на срцето на Балканот“, кој има за цел да ја подобри заштитата на животната средина во Шара/Шар Планина, на пр. преку обезбедување опрема и обука за капацитети за патролирање. За повеќе информации, види: https://globalconservation.org/projects/shar-mountains-national-park/. Дополнително Програмата на Фондот за природа Преспа-Охрид (ПОНТ) во соработка со албанската Фондација за развој на локалните капацитети (АЛЦДФ)која работи на формализирање на групи и активности за заеднички патроли и воспоставување мрежа за надзор заради подобрување на мониторингот во заштитените подрачја. За повеќе информации, види: https://www.pont.org/programme/.

## 2.2 Управување со пожари

Сите четири заштитени подрачја се загрозени од пожари, од кои многу се предизвикани од човечки активности. Повисоките температури и зголемените сушни услови како резултат на климатските промени го зголемуваат ризикот од шумски пожари. Тоа, пак, придонесува за уништување на јаглеродните понори и ослободува огромни количини $CO_2$ во атмосферата, со што се влошува глобалното затоплување.

Можностите за соработка за заедничко справување со овие предизвици вклучуваат:

- Споделување знаење и подигање на свеста кај населението за шумските пожари и како да се спречат, вклучително преку:
  - подобрено управување со горивото на ниво на домаќинства и заедницата;
  - пропишано палење на остатоците од пасишта и земјоделски култури;
- Поддршка за градење капацитети за управување со пожари на ниво на предел во четирите заштитени подрачја, истражување синергии со постоечките напори, како што се оние во рамките на програмата за Управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан (LFMWB)[7] и регионалниот ангажман на Глобалниот центар за мониторинг на пожари (ГЦМП);[8]
- Развивање капацитети за управување со пожари на ниво на предел во заедницата;
- Обезбедување соодветни возила, опрема и соодветна обука за борба против шумските пожари на надлежните органи;
- Справување со влијанието на незаконската сеча врз појавата на шумски пожари, што подразбира решавање на следниве прашања:
  - користењето подметнување пожари во шумските области што не се наменети за сеча за да се обезбеди евтино дрво од опожарените области;
  - користењето подметнување пожари за „сокривање“ на нелегално исечените стебла, трупци и шумски површини;
  - користењето подметнување пожари за пренасочување на ресурсите за управување со шуми и пожари за сузбивање пожари во една област, што овозможува нелегална сеча во други области.

🔗 Најдете го соодветниот проектен концепт “Заштитени подрачја отпорни на пожар: Областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб” во Планот за спроведување.

[7] Програмата има за цел да олесни инклузивна, меѓурегионална соработка и размена на знаење за да ги зајакне капацитетите за управување со пожари на ниво на предел (ПНП) во регионот така што ќе придонесе за воспоставување силни и целосно оперативни локални и регионални мрежи за ПНП, водење политички дијалози помеѓу повеќе чинители, поттикнување подобра соработка и јакнење на капацитетите во регионот. Нејзината прва 3-годишна фаза започна во 2022 година и е финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и имплементирана од Регионалниот центар за мониторинг на пожари (РЦМП) и регионалната извршна агенција Фармахем во Скопје, со поддршка од Глобалниот центар за мониторинг на пожари (ГЦМП) и Helvetas Swiss Intercooperation. За повеќе информации, види: https://www.eda.admin.ch/deza/en/home/themes-sdc/climate-change/forest-land-use.html/content/dezaprojects/SDC/en/2019/7F10341/phase1?oldPagePath=/content/deza/en/home/themen/klimawandel/wald-und-landnutzung.html.

[8] ГЦМП го поддржува развојот на способностите за управување со пожари на ниво на предел во Југоисточна Европа од 2004 година преку основањето на РЦМП и Регионалната мрежа за пожари на диви земјишта на Југоисточна Европа и Јужен Кавказ, види:: https://gfmc.online/globalnetworks/seeurope/SEEurope_1.html

## 2.3 Локална егзистенција и културно наследство

Локалното население во голема мера зависи од екстензивното земјоделство и сточарство како нивни главни извори на егзистенција. Меѓутоа, овие сектори се загрозени од миграцијата од руралните средини и последователното напуштање на традиционалните практики на користење на земјиштето кои се од суштинско значење за зачувување на биолошката разновидност на отворените предели. Климатските промени дополнително го оптоваруваат земјоделскиот сектор и егзистенцијата поврзана со него. Товарот од овие влијание паѓа особено врз жените. На пример, голем дел од невработените млади во регионот се жени, а учеството на жените во процесите на носење одлуки останува ограничено.

Opportunities for co-operation to jointly tackle these challenges include:

Можностите за соработка за заедничко справување со овие предизвици вклучуваат:

- Регионална соработка за сертификација на органски производи, идеално преку активности спроведени со органите за управување со паркови, на пр. заеднички работилници што се темелат на постоечките искуства за сертификација, како што се оние спроведени во општината Истог/Исток во соработка со здружението Органика во пчеларскиот сектор;
- Создавање заеднички бренд за локалните производи од четирите заштитени подрачја (на пр. локално произведено сирење), преку потенцирање на нивното географско потекло; користење на можностите што ги нудат регионалните и локалните саеми за презентирање и промовирање на производите и демонстрирање на културните и природните вредности на регионот, а со тоа и поттикнување вмрежување помеѓу локалните производители;
- Создавање задруги на локални производители и поддржување семејни бизниси со обука и опрема за секундарна обработка на диви или култивирани шумски производи како што се боровинки, лековити растенија и печурки, слично на работата на Земјоделската задруга „Црвено злато“[9] или иницијативата на CARE за развој на нови земјоделски задруги[10]
- Промовирање подигање на свеста, обука и стандардизација на практики за собирање диви шумски производи, а особено лековити растенија, вклучувајќи:
  - едукативни компоненти за одржливо собирање и користење растенија;
  - создавање стандарди или сертификација за да се избегнат неодржливи практики и нелегални активности во четирите заштитени подрачја;
- Поддршка на пренос на знаење за производство на сирење и подобрување на условите на сточарите (на пр. преку домашни и/или меѓународни субвенции), на пр. во рамките на поддршката обезбедена од ИПАРД програмата на ЕУ;[11]
- Промовирање агротуризам со акцент на локалната егзистенција и културното наследство, вклучувајќи преку:
  - Попис на културни споменици и вредности во четирите заштитени подрачја;

[9] Земјоделската задруга „Црвено злато“ усвојува иновативни и одржливи методи за одгледување бобинки. Основана е како дел од проектот кој се фокусира на одржлив и инклузивен рурален економски развој (СИРЕД) имплементиран од КАРИТАС Швајцарија помеѓу 2020 и 2023 година. За повеќе информации за проектот, види: https://www.entwicklung.at/en/projects/detail-en/sustainable-and-inclusive-rural-economic-development-sired-kosovo.

[10] Проектот на CARE „Поддршка за развојот на земјоделски задруги во Северна Македонија“ има за цел да ги воспостави задругите како одржлив бизнис модел за земјоделски развој преку подобрување на можностите за приходи на земјоделците преку здружување на ресурсите за поголема ефикасност, и да придонесе за економската ревитализација на земјоделскиот сектор. За повеќе информации, види: https://care-balkan.org/care-project-support-to-development-of-agricultural-cooperatives-in-northern-macedonia-marked-the-international-day-of-cooperatives/

[11] „Инструментот за претпристапна помош за рурален развој“ (ИПАРД) на ЕУ им обезбедува финансиска и техничка помош на корисниците во процесот на пристапување во ЕУ за подобрување на одржливоста на земјоделските сектори и руралните области и усогласување на политиките со заедничката земјоделска политика на ЕУ. За повеќе информации, види: https://agriculture.ec.europa.eu/international/international-cooperation/enlargement/pre-accession-assistance/overview_en.

  - Обука на локални водичи за локалното културно наследство;
  - Пакување и нудење културни искуства на туристи, на пр. берење и учење со планинарски водичи и едукација за традиционалните практики и културното наследство;
  - Категоризирање и промовирање туристичко сместување кое нуди традиционален амбиент и храна;
- Истражување синергии со постоечки рурални иницијативи, на пр. проектот СЕДРА II[12] за да се осигури дека сите активности спроведени во регионот за зголемување на вработеноста и приходите се надополнуваат, наместо да се дуплираат.

Најдете ги соодветните проектни концепти „Рачно изработени мостови во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб" и „Културен инкубатор БЛУМ" во Планот за спроведување

## 2.4 Одржлив туризам

Поради геолошкото и природното богатство на регионот, туризмот станува сè поважен сектор за неговиот економски развој. Меѓутоа, неодржливиот туризам може да ја загрози и животната средина на четирите заштитени подрачја. Дополнително, влијанијата од климатските промени може да влијаат на туристичкиот сектор, а особено на зимските активности во планинските области. Ова може да доведе до дополнителна миграција и напуштање на традиционалните практики на користење на земјиштето, да ги поттикне локалните заедници кон неодрживи практики на егзистенција, да ги намали приходите и капацитетите на локалните општини да обезбедат соодветна инфраструктура.

Можностите за соработка за заедничко справување со овие предизвици вклучуваат:

- Нудење мали неповратни грантови за проекти за генерирање приходи на мали бизниси и услуги во руралните области;
- Воспоставување туристички канцеларии во секое заштитено подрачје, кои ќе бидат меѓусебно поврзани за да можат да разменуваат релевантни информации (на пр. за пристигнување туристи, метеоролошки услови, итн.) во реално време;
- Изработка на интернет страница со туристички информации за сите четири заштитени подрачја, вклучувајќи:
  - информации за патеки и мапи за пешачење и велосипедизам во четирите заштитени подрачја, слично на патеката Висок Скардус;[13]
  - онлајн простор за маркетинг на локалните производи, услуги (вклучувајќи и сместување), и настани;
  - поддршка за дигитален пристап и описменување на производителите и бизнисите;
  - ширење други релевантни вести и информации;

[12] Проектот на германското Сојузно министерство за економска соработка и развој (БМЗ) „Поддршка на економската диверзификација на руралните области во Југоисточна Европа (СЕДРА II), имплементиран од Постојаната работна група за регионален рурален развој во Југоисточна Европа (SWG RRD) и германското Друштво за меѓународна соработка (the Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit) (ГИЗ), настојува да ги зајакне потенцијалите за зголемување на вработеноста и приходите во руралните области во Југоисточна Европа. За повеќе информации, види: https://seerural.org/news/project-promotion-of-economic-diversification-in-rural-areas-of-south-eastern-europe-sedra-ii-in-see-value-chain-capacity-building-on-agriculture-and-rural-tourism-to-promote-rura/?doing_wp_cron=1676893304.5236320495605468750000

[13] Патеката Висок Скардус е нова патека за пешачење и плански велосипедизам на долги растојанија во Југоисточна Европа што минува низ областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб. Оваа понуда за авантуристички туризам е резултат на проектот „Идни перспективи преку планинскиот туризам", финансиран од германското Сојузно министерство за економска соработка и развој (БМЗ) и имплементиран од германското Друштво за меѓународна соработка (the Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit) (ГИЗ) во 2017 година. Проектот вклучуваше обележување на патеките, идентификување сместувачки капацитети, угостителски објекти, локалитети со културно и природно наследство по должината на патеката, и активности за градење на капацитетите во руралниот туризам. За повеќе информации, види:https://highscardustrail.com/

- Организирање ротирачки регионални саеми или фестивали за промоција на локални производи, слично на Фестивалот Дибра[14] и еднаш годишно одбележување ден посветен на активности поврзани со културата и природата заради промовирање на заштитените подрачја;
- Организирање состаноци и работилници за туристичките претставници и бизниси и релевантните министерства во четирите заштитени подрачја за да се олесни размената на информации и заедничкото планирање во туристичкиот сектор (еднаш или два пати годишно);
- Нудење планинарски тури во четирите заштитени подрачја, со туристички бизниси и оператори што ќе обезбедуваат локални добра и услуги на туристите;
- Усогласување на законодавството за да се олесни преминувањето помеѓу различни заштитени подрачја, особено за планинарите, за да се поттикне туризмот во заштитените подрачја;
- Подобрување, развивање и управување со обележани патеки во заштитените подрачја во комбинација со мобилна апликација за пешачење и поставување информативни табли по должина на патеките со информации за заштитените подрачја и разни теми поврзани со природата;
- Establishing shared emergency services for tourists across the four protected areas, such as an 'SOS button' which sends the sender's co-ordinates to the relevant tourism office when in danger;
- Воспоставување акциски планови за поддршка на интеграцијата на младите во секторите поврзани со туризам;
- Истражување на потенцијалот за нови производи на еко-туризам како што се набљудување на дивиот свет и жичени спушталки (зип-лајн), како и одржливи зимски активности како што се скијање и тури со моторни санки во заштитените подрачја, надоградувајќи се притоа и на искуствата на европските земји;
- Надоградување на постоечката туристичка инфраструктура на одржлив начин, не пр. користење природни материјали како што се дрво и камења за планинска инфраструктура во оддалечени области.

🔗 Најдете го соодветниот проектен концепт „Дигитална промоција на туризмот во заштитените подрачја" и „Посетете нè и препознајте ги нашите вредности" во Планот за спроведување.

[14] Годишниот Фестивал Ода Дибране е фолклорен фестивал во Дибра/Дибер/Дебар кој го слави културното наследство со изведување традиционални песни и танци. За повеќе информации, види: http://fidafalbania.al/en/oda-dibrane-festival/

## 2.5 Зачувување на природата и управување со пасишта

Опаѓањето и напуштањето на традиционалните практики на користење на земјиштето доведоа до прекумерен раст на пасиштата, последователна конверзија на живеалиштата, и намалување на биолошката разновидност. Во некои области, биолошката разновидност е исто така негативно погодена од неодрживото управување со пасењето, а особено со прекумерното пасење. Интензивното комерцијално собирање диви растенија, билки и овошја доведува до понатамошно опаѓање на биолошката разновидност, а истовремено влијае на сигурноста на егзистенцијата. Овие ризици се надополнето со влијанијата од климатските промени. Поточно, проекциите за пораст на температурите, посувите услови и поголемата веројатност за пожари може да ја забрзаат загубата на биолошката разновидност и живеалишта во регионот.

Можностите за соработка за заедничко справување со овие предизвици вклучуваат:

- Усогласување и поврзување на плановите за управување со паркови, особено во однос на собирање лековити и ароматични растенија, и потребата да се одговори на ризикот од експлоатација, вклучително и преку:
  - спроведување попис на лековити и ароматични растенија;
  - обука на собирачите за одрживо берење и преработка на лековити и ароматични растенија;
  - промовирање системи за лиценцирање и контрола за собирачи на лековити и ароматични растенија за да се воспостави поголема контрола и да се спречи прекумерна употреба на таквите растенија во заштитените подрачја;
  - истражување можно синергии со слични иницијативи чија цел е промовирање одрживо користење на природните ресурси во четирите заштитени подрачја, како што е проектот ПОНТ-ЦНВП;[15]
- Промовирање активности за зачувување и управување со одбрани видови на ендемска и загрозена фауна (пр. мечка, дивокоза, црн клукајдрвец, *Parnassius apollo*, *Rosalia alpina* и *Vipera ursinii*), вклучително и преку:
  - создавање заедничко знаење/база на податоци за овие видови, со придонес од експерти од сите заштитени подрачја;
  - воспоставување заеднички план за управување и систем за мониторинг во заштитените подрачја со усогласени пристапи за собирање податоци и зачувување и управување со избраните видови;
  - вклучување на релевантните чинители од институциите, како и ренџери, земјоделци, овчари и ловци во активности насочени кон заштита на загрозените видови во четирите заштитени подрачја;
  - спроведување подигање на свеста за потребата од заштита на загрозените видови, вклучително и во училиштата;
- Истражување синергии со веќе постоечки иницијативи за заштита, како што е онаа на УНЕП;[16]
- Подобрување на одрживото управување со пасишта, вклучително и преку:

[15] Финансиран од ПОНТ и имплементиран од Организацијата за поврзување природни вредности и луѓе (ЦНВП), тригодишниот проект „Одрживо користење на природните ресурси за прекуграничен социоекономски развој на заштитеното подрачје (2022-2025) има за цел да промовира одржлива употреба на ресурсите, особено Недрвени шумски производи (НШП) и лековити ароматични растенија, преку обезбедување поддршка на локалните заедници за создавање подобар социоекономски живот во хармонија со природата, на пр. преку туризам заснован на природата. За повеќе информации, види: http://www.cnvp-eu.org/eng/project.php?mv=10&id=1426.

[16] Проектот на Програмата за животна средина на Обединетите нации (УНЕП) „Постигнување заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефективно управување со заштитените подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирањето на користењето на земјиштето" има за цел да го поддржи проширувањето на заштитените подрачја и ефективно управување со напорите за зачувување на биолошката разновидност.

  - спроведување попис на пасишта во четирите заштитени подрачја, со податоци како што се број на активни фарми, големина на добитокот (особено овци) и степен на прекумерно пасење;
  - чистење на пасиштата од обраснатост (со смрека);
  - подобрување на управувањето со отпадот на пасиштата и бачилата;
  - решавање на проблемот со горење на пасиштата, што може да доведе до шумски пожари;
  - подобрување на постоечката инфраструктура, како на пример за снабдување со свежа вода, патишта и капацитети за производство на квалитетни млечни производи со современи стандарди за хигиена – ова треба да се направи во синергија со програмата на ЕУ за прекугранична соработка (ЦВЦ);[17]
  - подобрување на егзистенцијата на локалните земјоделци, на пр. преку шеми за финансирање во насока на унапредување на земјоделската инфраструктура (на пр. амбари) и преку поттикнување и привлекување приватни инвестиции во тие подрачја;
  - обука на земјоделци и овчари на различни теми, на пр. производство на млечни производи, биолошка разновидност и туризам;
- Поврзување на зачувувањето со органското земјоделство и туризмот, на пр. преку организирање фотографски тури за лековити и ароматични растенија.

🔗 Најдете го соодветниот проектен концепт „Заедничко зачувување на ендемските и загрозени животински видови во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб” во Планот за спроведување.

## 2.6 Управување со отпадот и водата и градежништво

Инфраструктурата за отпад и вода е релативно ограничена во регионот. Плановите за инфраструктурен развој може да помогнат во отстранувањето на овие недостатоци – меѓутоа, тие исто така може да го загрозат еколошкиот интегритет на заштитените подрачја. На пример, иако со малите хидроцентрали се задоволиле некои од енергетските потреби на областа, тие имаат значително влијание врз речните екосистеми и режимите на проток. Климатските промени веројатно ќе ги влошат овие предизвици, на пример преку намалување на достапноста на водата.

Можностите за соработка за заедничко справување со овие предизвици вклучуваат:

- Поттикнување на локалните општини да обезбедат пристап на локалните заедници до вода, санитација и хигиена (ВСХ), на пр. преку организирање заеднички консултации со заедниците за да се разберат нивните барања, како и лобирање кај локалните и централните власти и подигнување на свеста за потребата од подобрени и пристапни услуги на ВСХ;
- отпад во заедничките речни системи, на пр. преку создавање заеднички планови за управување со водните ресурси во заштитените подрачја (поткрепени со неопходно законодавство и доволно ресурси за да се обезбеди нивно ефективно спроведување), или преку создавање услови за заедничко управување со водните ресурси помеѓу релевантните претпријатија со кои управуваат единиците на локалната управа и јавно-приватните партнерства (ЈПП);

[17] Програмата „Прекугранична соработка“ на ЕУ го промовира локалниот економски, социјален, еколошки и културен развој во регионот и поттикнува добрососедска соработка особено на ниво на заедницата во Југоисточна Европа. За повеќе информации, види: https://webalkans.eu/en/themes/regional-cooperation/cross-border-cooperation/.

- Воведување стандардизиран систем за одвојување на отпадот (вклучително и преку канти, контејнери и станици за собирање) за органски, цврст, течен, стаклен или метален материјал заради решавање на регионалните проблеми со отпадот;
- Отстранување на дивите депонии и поставување знаци и едукативни објаснувања како правилно да се постапува со отпадот во парковите;
- Промовирање на начинот на размислување „намали, повторно употреби, рециклирај" во заедниците, како што е преку заеднички активности за чистење (на пр. со учениците од училиштата или „екоклубови") и активности за подигање на свеста за штетните ефекти од загадувањето на водата, воздухот и земјата;
- Следење на квалитетот и квантитетот на водата и протокот на вода во текот на различни годишни времиња, и спречување истекување на отпадни води за да се заштитат резервоарите и фонтаните;
- Критичка проценка на изградбата на мали хидроцентрали за да се осигури дека се земени предвид потенцијалните негативни влијанија врз животната средина и заедниците што живеат во областите, и преглед на еколошките сертификати на постоечките хидроцентрали во согласност со барањата на Оцената на влијанието врз животната средина на ЕУ;[18]
- Споделување на научените лекции за управување со ризикот од поплави, на пр. оние генерирани во контекст на иницијативата на УНПД за подобрување на отпорноста на поплави во полошкиот регион;[19]
- Рехабилитација на изворите на вода, на пр. преку ренатурација на поплавните рамнини со отстранување на човечки интервенции како што се насипи и брани онаму каде што е откриено дека тие им штетат на речните екосистеми.

🔗 Најдете го соодветниот проектен концепт „Промовирање заеднички принципи и практики за НУЛА отпад во рамките на четирите заштитени подрачја" во Планот за спроведување.

[18] Директивата на ЕУ за Оцена на влијанието врз животната средина (ЕИА) наведува дека главните градежни или развојни проекти во ЕУ мора прво да бидат оценети во однос на нивното влијание врз животната средина пред започнувањето на проектот. За повеќе информации, види: https://environment.ec.europa.eu/law-and-governance/environmental-assessments/environmental-impact-assessment_en.

[19] Проектот на УНДП „Подобрување на отпорноста на поплави во полошкиот регион" (2017-2023) има за цел да го подобри капацитетот на регионот за управување со ризикот од поплави преку подобрување на разбирањето и способноста на регионалните власти и другите засегнати страни за управување со ризиците од поплави. За повеќе информации, види: https://www.undp.org/north-macedonia/projects/improving-resilience-floods-polog-region

# 3. Подобрување на форматите за соработка помеѓу групите на чинители

Покрај горенаведените приоритетни теми, чинителите кои учествуваа во процесот што доведе до овој заеднички стратешки документ идентификуваа голем број начини за подобрување на соработката во четирите заштитени подрачја во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб за решавање на безбедносните ризици поврзани со климата. Во следниот дел се прикажани практичните начини за подобрување на комуникацијата, размената и институционалните механизми за подобрена соработка помеѓу различните групи на чинители. Ова се општи предлози што произлегоа од работилницата и треба да се користат како водич за развој на поконкретни активности на соработка помеѓу засегнатите чинители.

## Управување со паркови

- Воспоставување редовни механизми за комуникација помеѓу директорите на парковите, на пр. група на Viber која користи Google Translate за надминување на јазичните бариери, како и помеѓу другиот персонал на органите за управување со паркови на различни нивоа, и помеѓу органите за управување со паркови и други релевантни институции и ГО-и;
- Проширување на постоечките или создавање различни видови можности за размена помеѓу персоналот на органите за управување со паркови на различни нивоа, со посебен фокус на размена на искуства, грижи и најдобри практики, како и дефинирање начини за подобрување на координацијата за справување со заедничките безбедносни ризици поврзани со климата. Таквата размена може да се состои од:
    - редовни состаноци на органите за управување со паркови на сите заштитени подрачја;
    - редовни теренски посети на органите за управување со паркови на сите заштитени подрачја, како и заеднички обуки и студиски посети во странство, на пр. на заштитени подрачја во Австрија и Италија;
    - редовни заеднички состаноци на органите за управување со паркови со релевантните министерства во Скопје, Тирана и Приштина;
    - редовни заеднички состаноци на органите за управување со паркови со општините во заштитените подрачја;
    - редовни заеднички состаноци на органите за управување со паркови со ГИ-и вклучени во заштитата и зачувувањето на животната средина, како и други теми од значење за заштитените подрачја;
- Подобрување на меѓучовечките односи помеѓу персоналот на органите за управување со паркови во заштитените подрачја преку активности за градење на тимот и социјални активности;
- Развивање заедничка стратегија за соработка и активности помеѓу парковите, на пр. за одржлив туризам, зачувување на природата, управување со пожари и спречување нелегална сеча и лов;
- Организирање заедничка обука за (мали) проектни апликации;
- Подготовка на заедничка стратегија за ангажирање донатори за да се добие пристап до финансирање за меѓурегионални иницијативни, особено во контекст на справување со предизвиците поврзани со климата и животната средина, и покана на донатори на заедничките состаноци за да се реализираат целите на стратегијата.

## Граѓански организации (ГО-и)

- Создавање можности за вмрежување, на пр. во контекст на работилници или обуки со фокус на предизвиците поврзани со климата и животната средина, како и други теми од значење за активностите на ГО-и во заштитените подрачја, за чинителите и организациите да се запознаат со тековните и идните предизвици и да се поттикне градење доверба, размена на знаење и градење капацитети за заеднички практики на следење и известување;
- Воспоставување програми за менторство: поголемите ГО-и со повеќе искуство може да дејствуваат како ментори во регионот и да работат со помали ГО-и на прашања како што се управување со проекти, проектен јазик и наративно и финансиско известување до донатори;
- Поддршка на мрежи на женски организации во регионот, на пример преку градење капацитети и обуки за релевантни теми, управување со проекти и односи со донатори, и поттикнување размена на искуства помеѓу организациите од различни региони, како и, каде што е релевантно, во рамките на ЕУ и на меѓународно ниво.
- Организирање заеднички апликации за фондови на ЕУ за справување со безбедносните ризици поврзани со климата идентификувани погоре во сите заштитени подрачја и создавање синергии помеѓу различните активности на ГО-и во рана фаза да се максимизира влијанието на финансираните интервенции;
- Спроведување заеднички активности за заштита на животната средина за зголемување на јавната свест за предизвиците и можностите за соработка во сите заштитени подрачја, со особен фокус на младите;
- Вклучување на локалните акциски групи (ЛАГ) во работата на ГО-и, на пр. Пријатели на Шара, ЛАГ Шари и ЛАГ Кораб-Коритник за понатамошна соработка.

## Министерства

- Организирање двогодишни состаноци и меѓусебни теренски посети за да се воспостави редовен контакт помеѓу релевантните министерства и другите чинители со цел подобрување на меѓусебното разбирање на безбедносните ризици поврзани со климата во заштитените подрачја и дијалог за идентификување можности за меѓусекторска соработка за нивно решавање;
- Подобрување на комуникацијата:
    - Воспоставување заедничка платформа (интернет страница) во партнерство со општините за размена на информации и создавање можности за следење и идна имплементација на активностите за соработка;
    - Назначување фокусни точки за координирање редовни размени помеѓу релевантните министерства кои имаат надлежности за заштита и управување со заштитените подрачја;
- Воспоставување комисија за разгледување на безбедносните прашања поврзани со климата и нивното влијание во заштитените подрачја помеѓу релевантните органи за одлучување на највисоко ниво; тоа може да се направи, на пример, преку потпишување Меморандум за разбирање во кој ќе бидат утврдени условите и мандатот за таквата комисија да функционира како мотор на соработка за справување со овие предизвици;
- Воспоставување заеднички попис на релевантни активности за справување со безбедносните прашања поврзани со климата во заштитените подрачја – со ова може да управува гореспоменатата трипартиска комисија, на пример.

## Општини

- Организирање редовни состаноци помеѓу општините во заштитените подрачја (со вклучување, кога е можно, на локалните заедници) вклучувајќи, на пример:
  - Заеднички конференции со органите за управување со паркови за воспоставување и консолидирање на односите, дискутирање за заедничките безбедносни ризици поврзани со климата и создавање рамка за соработка (на пр. преку Меморандуми за разбирање) за решавање на овие прашања;
  - Ад хок и редовни тематски состаноци за дискутирање за заедничките предизвици и идентификување заеднички решенија; овие би можеле да вклучуваат експерти, на пр. од академските кругови да дискутираат за конкретни научни/технички аспекти, и да дадат поинакви перспективи и решенија за проблемите во прашање;
- Организирање заеднички културни активности во соработка со органите за управување со паркови како што се саеми и фестивали, кои би помогнале во зајакнувањето на локалните економии преку привлекување туристи и би обезбедиле дополнителни економски можности за егзистенцијата што е чувствителна на климата;
- Заедничко идентификување на институционалните и правните предизвици кои ја попречуваат соработката помеѓу општините и другите чинители од четирите заштитени подрачја, на пр. различни правни рамки, како прв чекор кон преземање активности за нивно решавање;
- Воспоставување директни канали на комуникација во заштитените подрачја за лесно споделување и дискутирање на заедничките предизвици кога ќе се појават, како во случајот, на пример, со пожари или нелегални активности.

# 4. Implementation plan

Главната цел на оваа стратегија е да ја зајакне соработката помеѓу заштитените подрачја во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб заради справување со безбедносните ризици поврзани со климата. Кон оваа цел придонесува и планот за спроведување на стратегијата, кој содржи **осум првични заеднички проектни концепти во кои се вклучени чинителите од сите четири заштитени подрачја.** Тие произлегуваат од работилницата на ОБСЕ-аделфи во ноември 2022 година во Маврово, за време на која учесниците ги зедоа идентификуваните приоритети за соработка (види дел 3) како основа за дефинирање на првичните проектни контури за заеднички мерки за намалување на ризикот.

Во овој дел, секоја проектна идеја е структурирана на следниов начин: (1) работен наслов, (2) очекувани резултати, (3) главни активности, (4) целни групи, (5) предвидени придобивки од соработката, вклучувајќи и како таквата соработка може да помогне во решавањето на безбедносните ризици поврзани со климата, и (6) родова перспектива. Описите се општи, бидејќи имаат за цел да служат како **појдовна точка за подетални проектни концептуални белешки** што треба да се развијат за билатерални, регионални и меѓународни донатори и организации за нивно финансирање и спроведување. Покрај тоа, секој проектен концепт вклучува груба пресметка на соодветните временски рамки, трошоци и клучните сектори што треба да бидат вклучени, чии детали би можеле дополнителни да се разјаснат и прилагодат врз основа на интересите на донаторите и достапноста на ресурсите.

**Преглед на проектните концепти:**

1. Поддршка на соработката помеѓу органите за управување со паркови и органите за спроведување на законот за спречување на нелегалната сеча, нелегалниот лов и криумчарењето диви животни (незаконска сеча и лов)
2. Заштитени подрачја отпорни на пожари: областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб (управување со пожари)
3. Рачно изработени мостови во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб (локална егзистенција и културно наследство)
4. Културен инкубатор – БЛУМ (локална егзистенција и културно наследство)
5. Дигитална промоција на туризмот во заштитените подрачја (одржлив туризам)
6. Посетете нè и препознајте ги нашите вредности (одржлив туризам)
7. Заедничко зачувување на ендемски и загрозени животински видови во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб (зачувување на природата)
8. Промовирање принципи и практики на на НУЛА отпад во рамките на четирите заштитени подрачја (управување со отпадот и водата и градежништво)

## 4.1 Проект: Поддршка на соработката помеѓу органите за управување со паркови и органите за спроведување на законот за спречување на нелегалната сеча, нелегалниот лов и криумчарењето диви животни

нелегална сеча и лов | заштита на животната средина | владеење на правото

**Очекувани резултати:**

1. Зајакнат дијалог и заедничко делување за справување со нелегалната сеча и лов помеѓу органите за управување на парковите и релевантните тела за спроведување на законот со надлежност над заштитените подрачја;
2. Намалување на нелегалната сеча и лов како и криумчарењето диви животни во заштитените подрачја.

**Главни активности:**




- Формирање работна група составена од органите за управување на парковите и релевантните тела за спроведување на законот со надлежност над заштитените подрачја (*низок трошок*);
- Спроведување позадинска анализа на појавите на незаконска сеча и лов, како и правните недостатоци кои треба да се решат за борба против нелегалната сеча и лов, и криумчарењето диви животни; врз оваа основа, воспоставување протокол за соработка помеѓу органите за управување на парковите, како и релевантните агенции за спроведување на законот (*низок-среден трошок);*
- Споделување добри практики за намалување на нелегалната сеча и лов во заштитените подрачја помеѓу органите за управување на парковите и телата за спроведување на законот преку посветени сесии и работилници за размена на знаење, вклучително преку користење искуства од други проекти (на пр. работата на проектот „Глобално зачувување") и чинители од граѓанското општество и академската заедница (*низок трошок*);
- Градење на капацитетите и обуки за органите за управување на парковите во заштитените подрачја за спречување, откривање и прогон на прекршоци (*среден трошок*);
- Пренос на експертиза помеѓу органите за управување на парковите и телата за спроведување на законот, на пр. преку меѓурегионални програми за размена (*среден трошок*);
- Спроведување заедничко патролирање низ четирите заштитени подрачја врз основа на заемно воспоставени принципи и процедури за проверка на нелегална сеча, лов и криумчарење диви животни во рамките на заштитените подрачја (*средно-висок трошок*).

**Целна група:**

Органите за управување на парковите, ренџерите, управата и чуварите на шумите, општинските службеници, телата за спроведување на законот, како што се инспекторати и полицијата на локално/општинско ниво, и ГО-и што работат на подигнување на свеста, застапување за политики и истражување на еколошки прашања.

**Соработка:**

Проектот ќе ја подобри соработката преку воспоставување редовни контакти и зголемување на размената на знаење и заеднички активности помеѓу органите за управување на парковите, општинските власти и телата за спроведување на законот. Притоа, проектот се занимава со заедничките безбедносни предизвици што произлегуваат од комбинираните влијанија на климатските промени и нелегалните активности врз шумите, биолошката разновидност и егзистенцијата во заштитените подрачја.

**Родова перспектива:**

Проектот ќе обезбеди дека проектните активности и исходи се родово балансирани и ќе поттикне вклучување на жените во проектните компоненти на градење капацитети и обуки.

## 4.2 Проект: Заштитени подрачја отпорни на пожари: областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб

управување со пожари | спречување | управување со ризик од катастрофи | решенија засновани на заедницата

**Очекувани резултати:**

1. Зајакнати капацитети за спречување пожари и подготвеност;
2. Подобрено управување со пожари на ниво на предел преку вклученост на заедницата;
3. Increased resilience to landscape fire and climate change.

**Главни активности:**




- Обука и подучување за подготвување стратешки плански документи за управување со пожари вклучувајќи и преку одговори во итни случаи, и истражување синергии со програмата Управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан (LFMWB) (*низок трошок);*
- Вклучување на концептот на управување со пожари на ниво на предел (во однос и на сузбивање пожари и на спречување на ризици од пожар) засновано на заедницата во рамките на стратегиите за управување со пожари на различни нивоа, и осигурување дека релевантните органи задолжени за нивно спроведување се сензибилизирани за истиот преку целни работилници за градење капацитети и јавно достапни информативни материјали (*низок трошок);*
- Поттикнување формирање волонтерски противпожарни тимови во заедниците, особено со учество на младите, и нивна поддршка преку обезбедување обуки за управување со пожари на ниво на предел и можности за соработка со различни групи на чинители *(низок трошок);*
- Подготовка на класификација на горива за да се утврдат типовите на горива и мапи на ризик, кои се од суштинско значење за дизајнирање соодветни мерки за спречување пожари и подготвеност *(низок-среден трошок)*;
- Заедничко спроведување активности за управување со горива за контрола на запаливоста и количината на горива од диви предели, користејќи механички, хемиски, биолошки или рачни средства (*среден трошок*);
- Воспоставување заеднички систем за рано предупредување и комуникација во итни случаи за координација на заедничките активности за управување со пожари на ниво на предел (*среден трошок);*
- Набавка на соодветна опрема, возила и воздушни средства за зајакнување на координацијата и ефективноста на заедничките операции за управување со пожари и одговор при итни случаи (*висок трошок).*

**Целна група:**

Персоналот на органите за управување со паркови, локалните заедници што живеат во заштитените подрачја, младите, единиците на локална самоуправа (вклучително и општините и претставниците на селските единици), релевантните министерства, Регионалниот центар за мониторинг на пожари (РЦМП), службите за итни случаи, еколошки здруженија, ГО-и и други.

**Соработка:**

Проектот ќе ја зајакне соработката и размената на човечки ресурси, знаење и информации и опрема за управување со пожари меѓу заштитените подрачја. Бидејќи климатските промени се очекува да создадат услови кои се попогодни за ширење и интензитетот на пожарите, проектот исто така се занимава со сè поголемите безбедносни ризици што пожарите ги претставуваат за локалните заедници и екосистемите.

**Родова перспектива:**

Ќе се посвети внимание на тоа да се осигури дека корисниците на проектот вклучуваат и жени и мажи; ќе се охрабри учеството на жените во волонтерски противпожарни бригади; на сите учесници ќе им биде обезбедена целна, родово чувствителна обука.

### 4.3 Проект: Рачно изработени мостови во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб

локална егзистенција | културно наследство | рурален развој | економско

**Очекувани резултати:**

1. Пренос на знаење за традиционални рачно изработени производи од волна (теписи, накит, чорапи и друга облека) помеѓу генерациите жени во заштитените подрачја;
2. Зголемен потенцијал за туризам во заштитените подрачја поврзан со производство и комерцијализација на локални и/или традиционални сувенири и производи од регионот;
3. Зголемени можности за заработка за руралните жени, вклучително и младите жени;
4. Зголемена привлечност на одржлива облека за локалните производители, вклучително и во однос на нејзиниот потенцијал да генерира приход од локалниот и меѓународниот туризам.

**Главни активности:**




- Мапирање различни занаетчиски традиции во заштитените подрачја и производство и размена на знаења за овие практики (*низок трошок);*
- Воспоставување наменски туристички информативни пунктови за изложување и продажба на сувенири/производи (*низок трошок*);
- Координирање студиски посети за размена, особено за жени со искуство во изработка на волна и помлади жени заинтересирани тоа да го научат (*низок трошок*);
- Обезбедување можности за обука на занаетчии (со фокус на жените) низ ланецот на снабдување со волна (на пр. чистење и обработка на волна за текстилна употреба) (*среден трошок*);
- Организирање регионални саеми/изложби за изложување на рачно изработени производи од заштитените подрачја (*среден трошок).*

**Целна група:**

Искусните рурални жени првенствено ќе го пренесат знаењето на помладите жени или воопшто на жените кои се заинтересирани за овој сектор во заштитените подрачја; сепак, заинтересираните мажи исто така ќе бидат поттикнати да се вклучат. Младите студенти по дизајн и мода ќе бидат поканети да учествуваат во активностите на проектот со цел да се запознаат со процесот и да придонесат со нови идеи во палетата на произведени традиционални сувенири. Туристичкиот сектор и пансионите ќе бидат вклучени во последната фаза од проектот за потенцијална продажба и/или купување на производите. Општините, исто така, ќе имаат корист од проектот преку зголемениот туризам и приходи од туризмот.

**Соработка:**

Проектот ја унапредува соработката помеѓу жените во заштитените подрачја. Активностите градат културни мостови за идна соработка. Истовремено, фокусот на жените обезбедува дека на оние кои се несразмерно погодени од безбедносните ризици поврзани со климата им се дава поддршката што им е потребна за зајакнување на отпорноста на климата.

**Родова перспектива:**

Проектот ќе се фокусира на промовирање на вработувањето на жените во заштитените подрачја, особено во областа на културното и природното наследство и во образованието. Тој експлицитно планира да допре до жените преку рурални мрежи на женски организации, пансиони, волонтери во мировниот корпус, претставници на селата, општините и локалните НВО-и.

## 4.4 Проект: Културен инкубатор – БЛУМ

локална егзистенција | културно наследство | рурален развој | меѓугенерациска размена | социјална инклузија

**Очекувани резултати:**

1. Зголемена свест за природното и културното наследство на планините области на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб кај младата популација;
2. Зголемени практични и професионални можности за млади студенти и студенти кои рано дипломирале;
3. Обучени млади учесници кои можат да развиваат, да собираат средства и да спроведуваат проекти од мал обем насочени кон промовирање на локалната егзистенција и културното наследство во заштитените подрачја;
4. Промоција и зголемена свест за културната и меѓуетничката различност што ги карактеризира четирите заштитени подрачја.

**Главни активности:**




- Воспоставување организациски структури (пр. секретаријат) за инкубаторот што ќе го поддржи развојот на бизнис идеи и ќе поттикне креативна соработка помеѓу талентираните млади луѓе со различни професионални позадини (*низок трошок);*
- Идентификување ментори кои можат да им помогнат на младите подобро да го разберат и искусат локалниот живот и културното наследство (пр. локални занаетчии или земјоделци), како и професионалци кои можат да споделат знаење за управување со проекти и услови за финансирање (*низок трошок*);
- Идентификување млади луѓе од областа на маркетингот, инженерството, туризмот и уметноста кои би биле заинтересирани и професионално би имале корист од тоа да добијат едукација за овие практики и традиции (*низок трошок*);
- Овозможување обуки за комуникација, фотографија и дигитален маркетинг за студентите и младите професионалци кои учествуваат со цел да ги подобрат своите способности за споделување на своите активности и знаења за природното и културното наследство во заштитените подрачја (*среден трошок*);
- Организирање студиски посети во четирите заштитени подрачја за студентите и младите професионалци кои учествуваат да се запознаат со различни традиции и да се поттикнат нови иницијативи за соработка помеѓу подрачјата (*среден трошок*);
- Спроведување работилници за развивање и подготовка на предлог-проекти во партнерство со органите за управување со парковите за да им се овозможи на младите и студентите да ги пласираат своите идеи за промовирање на локалниот живот и културно наследство во заштитените подрачја (*среден трошок*);
- Одржување натпревар за најдобри проекти од мал обем за да се даде видливост на работата на студентите/младите учесници (вклучително и на меѓународно ниво) и да се обезбеди дека најдобрите идеи ќе добијат соодветно финансирање и ќе можат да се имплементираат (*средно-висок трошок).*

**Целна група:**

Студенти, млади дипломирани, невработени лица од урбани и рурални средини од заштитените подрачја; секундарната целна група ги вклучува локалните невладини организации, општините и органите за управување со паркови.

**Соработка:**

Проектот ќе иницира соработка меѓу младите професионалци во регионот; мрежата на ментори исто така може да ја подобри идната соработка. Проектот може да го подобри имиџот на заштитените подрачја кај младите и да ги инспирира да придонесат за нивниот социоекономски и одржлив развој. Преку својот фокус на младите, проектот може да обезбеди важна влезна точка за посилна соработка меѓу младите од целиот регион за справување со заедничките предизвици кои произлегуваат од влијанијата поврзани со климата.

**Родова перспектива:**

Проектот има за цел да се насочи на мали тимови од 3-5 млади луѓе од секоја заштитена област, вклучувајќи најмалку две жени по тим за да се обезбеди соодветна родова разновидност во конечниот состав на корисниците на проектот.

### 4.5 Проект: Дигитална промоција на туризмот во заштитените подрачја

одржлив туризам | рурален развој | дигитализа | маркетин | вмрежување

**Очекувани резултати:**

1. Промоција на локални производи и услуги, бизниси и културно наследство на заштитените подрачја и зголемено внимание од туристи, вклучително и на меѓународно ниво;
2. Изработка на заедничка интернет страница за промоција на одржлив туризам во четирите заштитени подрачја;
3. Зголемен приход од продажба на локални производи и услуги, како и настани и активности организирани во заштитените подрачја.

**Главни активности:**




- Собирање информации за различни велосипедски и пешачки патеки, како и локации на природа, диви животни и културно наследство во четирите заштитени подрачја[20] *(низок трошок)*;
- Дизајнирање и изработка на интерактивна интернет страница за:
  - промоција на локални производи, услуги и бизниси во рамките на заштитените подрачја;
  - мапирање велосипедски и пешачки патеки како и локации на природа, диви животни и културно наследство со координати во рамките на заштитените подрачја (*среден трошок)*;
- Понуда на обуки и работилници за градење технички капацитети за управување со интернет страницата и нејзино одржување (*среден трошок*);
- Организирање редовни заеднички состаноци помеѓу претставниците и службените лица на четирите заштитени подрачја за да се олесни и координира развојот и спроведувањето на заедничките активности насочени кон привлекување одржлив туризам во заштитените подрачја, кои ќе се шират/споделуваат преку интернет страницата (*среден трошок);*
- Формирање Мрежно здружение на бизнисменки од сите заштитени подрачја за особено промовирање на локалните бизниси водени од жени (*среден-висок трошок*); членството во ова здружение треба да понуди*)*;
  - Поддршка за рекламирање на локалните бизниси и производи за промовирање одржлив туризам во заштитените подрачја;
  - Поддршка за аплицирање за грантови и друга техничка поддршка и поддршка за управување со проекти;
  - Составување регистар на локални бизниси и производители кои се во согласност со принципите за одржливост и се еколошки и климатски прифатливи.

[20] Надоврзувајќи се на претходните активности во областа, како што е патеката Висок Скардус, патека за пешачење и планински велосипедизам на долги растојанија на Западен Балкан што минува низ областа на Шара/Шара Планина и масивите на Кораб или Коалицијата за зелена градба во заштитените подрачја финансирана од ПОНТ чија цел, помеѓу другото е воспоставување на онлајн ГИС платформа за поддршка на активностите поврзани со еко-туризмот додека истовремено се собираат податоци за биолошката разновидност (информации од претставник на ПОНТ)

**Целна група:**

Локалното население, локални, регионални и меѓународни туристи, сопственици на бизниси и клиенти на бизниси.

**Соработка:**

Проектот претставува можности за меѓусебна соработка, размена на искуства и информации, спроведување заеднички активности и состаноци, како и унифицирано претставување на заштитените подрачја пред јавноста. Понатаму, со промовирање на туристичкиот сектор и обезбедување економски можности за локалните заедници, проектот нуди алтернативни извори на егзистенција, а со тоа ја зајакнува локалната отпорност на ризиците поврзани со климата.

**Родова перспектива:**

Проектот ќе обезбеди вработување и вклучување на жените и младите во можностите за бизнис и промоција на жените преку мрежното здружување во заштитените подрачја.

### 4.6 Проект: Посетете нѐ и препознајте ги нашите вредности

одржлив туризам | културно наследство | меѓукултурна размена

**Очекувани резултати:**

1. Промоција на туризмот и културното наследство во заштитените подрачја;
2. Зголемени приходи за локалното угостителство и бизнис;
3. Зголемено учество на жените и младите во промоцијата на културни настани и во водењето бизнис.

**Главни активности:**




- Истражување на постоечките настани и на можните синергии за проектни настани, на пр. Фестивалот Дибра[21] *(низок трошок);*
- Формирање нови или поврзување со постоечките туристички канцеларии во рамките на општините во заштитените подрачја заради формирање заедничка проектна комисијата во соработка со органите за управување со паркови која ќе обезбеди редовна комуникација и соработка помеѓу регионите и организирање настани во тесна соработка со локалните жители (*среден трошок*);
- Иницирање и организирање заеднички традиционални и културни настани на ротирачка основа чии домаќини ќе бидат различните заштитени подрачја; можните видови на настани вклучуваат*)*;
  - заеднички саеми и фестивали за промоција на локалните производи, храна, музика и танци од различните подрачја;
  - кампување со елементи на едукација за животната средина, т.е., со младински организации и училишта од заштитените подрачја;
  - заеднички (традиционални) спортски настани, како што се борење, јавање коњи, велосипедски трки, игри со камен и јаже, скијање и лизгање, кои исто така би можеле да се спојат во летни и зимски „Балкански олимписки игри";
  - промовирање културни настани како што се свадбени церемонии организирани во заштитените подрачја, за да се прикажат регионалните обичаи и традиции, вклучително и културата, храната и музиката (*висок трошок).*

**Целна група:**

Општините, вклучително и организациските комисии, локалните жители, уметници и бизниси, како и туристите и посетителите.

**Соработка:**

Проектот ќе ја зголеми соработката и размената меѓу заштитените подрачја преку заедничко организирање и промовирање традиционални и културни настани како и поголема свест за заедничките традиции, обичаи и култура во регионот. Со градење соработка и чувство на културна приврзаност и поврзаност меѓу заедниците, проектот може да обезбеди важна влезна точка за понатамошна соработка за справување со други ризици кои произлегуваат од климатските влијанија.

**Родова перспектива:**

Промоција и вклучување на жените и младите како производители на локални добра и услуги, потенцијални бизнис можности и културни активности.

---

[21] Годишниот Фестивал Ода Дибране е фолклорен фестивал кој го слави регионалното културно наследство преку изведување традиционални песни и танци.

## 4.7 Проект : Заедничко зачувување на ендемски и загрозени животински видови во областа на Шара/Шар Планина и масивите на Кораб

зачувување на природата | биолошка разновидност | заштита на животната средина | едукација за животната средина

**Очекувани резултати:**

1. Заеднички протоколи за следење и подобрени капацитети на персоналот за следење, вклучително и ренџерите, во и низ заштитените подрачја;
2. Докази за присуство и распространетост на загрозени видови;
3. Подобро знаење за влијанието на човечките активности и климатските промени врз загрозените видови; соодветни мерки за зачувување развиени на таа основа;
4. Зголемена јавна свест во врска со зачувувањето, вклучувајќи и земање предвид на постоечките и предвидените влијанија на климатски промени;
5. Усогласена правна основа на статусот за заштита во заштитените подрачја.

**Главни активности:**




- Спојување на постоечките податоци и информации за избраните видови и ангажирање експерти за попис и следење (вклучувајќи преки истражување синергии со веќе постоечки иницијативи за заштита како што се оние на УНЕП) (*низок трошок);*
- Избор на заеднички клучни ендемски и загрозени видови (на пр. дива мачка, *Vipera ursinii*, црн клукајдрвец, *Rosalia alpina*, *Parnassius apollo*) и усогласување на методологијата за попис и следење заради развивање заеднички протоколи во надлежните агенции во заштитените подрачја (*среден трошок*);
- Набавка на опрема за теренска работа и изработка и програмирање заедничка база на податоци (интернет страница) заради вклучување на гореспоменатите податоци и информации за загрозените видови, и користење мобилна апликација за теренско истражување и следење (*висок трошок)*;
- Обука на ренџерите за следење и на земјоделците и овчарите за известување за набљудувањето на клучните видови (*среден трошок)*;
- Спроведување активности за подигање на јавната свест за широката јавност во заштитените подрачја заради зголемување на нивното разбирање за важноста на фауната и флората и за заканите на кои тие се подложни заради човечките активности и климатските промени (на пр. екскурзии со училиштата и учениците) (*среден трошок)*;
- Усогласување и адаптирање на правниот статус на заштита на загрозените видови и поврзаните планови за управување во заштитените подрачја врз основа на попис и следење како и најдобри практики од други заштитени подрачја во Европа (*среден трошок)*;

**Целна група:**

Органите за управување со паркови, релевантните министерства/управата за заштита на природата и инспекторатите, експерти за заштита на животната средина/природата, општините, НВО-и, широката јавност/ локалното население (особено земјоделците), здруженијата за лов и училиштата во заштитените подрачја.

**Соработка:**

Проектот ќе ја подобри соработката помеѓу органите за управување со паркови и другите институции преку усогласени заеднички активности за зачувување во заштитените подрачја. Како таков, проектот ги зајакнува органите за управување со паркови и другите клучни засегнати страни колективно да се справат со ризиците поврзани со човекот и климата кои се закануваат на локалната биолошка разновидност и следствено да ја зајакнат отпорноста на локалните заедници кои се зависни од услугите на екосистемот.

**Родова перспектива:**

Ангажирање женски истражувачки и обучувачки во текот на сите активности на проектот; вклучување на жените од локалното население во активности за подигање на јавната свест.

## 4.8 Проект: Промовирање принципи и практики на НУЛА отпад во рамките на четирите заштитени подрачја

управување со вода | управување со отпад | заштита на животната средина | едукација за животната средина

**Очекувани резултати:**

1. Заедницата и локалните власти се подобро опремени со знаење за концептот и практиката на повторна употреба, рециклирање и компостирање на отпадот;
2. Заедниците и локалните власти ги прифаќаат можностите за соработка и размена на најдобри практики за тоа како да се намали отпадот;
3. Отпадот е намален за приближно 10-30% во четирите заштитени подрачја, што ќе има конкретни влијанија во смисла на намалување на загадувањето на површинските води.

**Главни активности:**




- Спроведување студија за изводливост за да се идентификуваат најпроблематичните прашања поврзани со собирањето отпад и загадувањето на водите, локалните практики за управување со отпадот, како и правната рамка и надлежностите во врска со управувањето со вода и отпад на локалните власти како што се општините и органите за управување со парковите (*среден трошок);*
- Формирање регионален управен комитет за давање поддршка и насоки и надзор на заедничките интервенции, размена на искуства и заеднички активности (идентификувано во студијата за изводливост) за управување со вода и отпад во заштитените подрачја;
- Организирање регионална конференција со релевантните локални власти во заштитените подрачја, како и со централните власти и претставниците од институциите кои носат одлуки, на која ќе се разговара за промените и подобрувањата во соодветното законодавство, на пр. преку примена на начелото „загадувачот плаќа“ кои се потребни за да се одговори на тековните предизвици со управувањето со вода и отпад во заштитените подрачја и да се воспостави рамка за соработка (*среден трошок*);
- Обезбедување заеднички обуки за практики и/или процедури за управување со вода и отпад во рамките на четирите заштитени подрачја за да се зајакне капацитетот на локалните власти и органите за управување со паркови (*среден трошок*);
- Развивање „обука на обучувачи“ за тоа како повторно да се употребува, рециклира и компостира отпадот од домаќинства и бизниси (bujtina)[22], особено за жени *(среден трошок)*;
- Развивање целни кампањи за подигање на свеста врз основа на тематски прашања (идентификувани во студијата за изводливост) за клучните чинители, на пр. широката јавност, образовните институции, туризмот, бизнисите и локалните медиуми (*среден трошок)*;

**Целна група:**

Заедницата во целост, општините, локалните власти, органите за управување со паркови, образовните институции, локалните медиуми, локалните бизниси и туристичкиот сектор (на пр. туроператори и сопственици на хотели).

**Соработка:**

Заедничкото воспоставување регионални практики за намалување на отпадот ќе ја зајакне соработката особено меѓу локалните власти и органите за управување со парковите во четирите заштитени подрачја. Истовремено, тоа исто така би им овозможило на локалните власти и на органите за управување со парковите колективно да се справат со еколошките ризици поврзани со управувањето со отпадот.

[22] Bujtina се однесува на традиционални семејни куќи или објекти кои се пренаменети за туристичко сместување и угостителство.

**Родова перспектива:**

Цел на проектот е рамномерна застапеност на жените и мажите меѓу имплементаторите и корисниците. Проектот ќе спроведе целни кампањи за подигање на свеста за жените и ќе се стреми да има рамномерна застапеност во управниот одбор. Исто така, преку „обуката на обучувачи“ за управување со отпадот од домаќинствата, проектот ќе обезбеди дека жените, кои често ја имаат главната улога да се грижат за домаќинството (и, во некои случаи, се сопственички на куќи) во регионот, можат директно да придонесат за подобро управување со отпадот и да ги обучуваат другите во нивната заедница.